**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-144/7**
**Скопје, 19.07.2023 година**

Записник од осумдесет и трета седница на Советот на јавнигте обвинители на Република Северна Македонија одржана на 19.07.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-ѓа Јасна Жежова член
г-Ицет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г-дин Љубомир Јовески член
г-ѓа Душица Димитриеска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесет и трета седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

1. Разгедување на можноста и донесување на Одлука за проширување на систрематизацијата на бројот на јавни обвинители во јавните обвинителства во Република Северна Македонија
2. Разно.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 83-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред Разгледување на можноста и донесување на Одлука за проширување на систрематизацијата на бројот на јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред и кажа дека со новиот Закон за кривична постапка обвинителите и обвинителствата се поoптоварени и се води истрага, активната улога на обвинителот е многу поголема и активностите кои

треба да ги преземе се далеку од она што порано го имавме по систематизациите, меѓутоа до сега не е направена нова систематизација според потребите, единствено се интервенираше ад хок во ОЈО Скопје и во ОЈО ГОКК со по неколку обвинители кога се додадоа. По систематизации смета дека за сите обвинителства добро е сега да се размисли односно имал некои размислувања и во кои обвинителства би се додале плус односно би се проширила систематизацијата. Тоа што нема обвинители е друго прашање, меѓутоа делот на Советот е "бидејќи ние ја носиме систематизацијата, да го предвидиме бројот на јавни обвинители по јавни обвинителства".

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски отвори дискусија по однос на ова. Кажа дека има некои предлози според месечните извештаи, според она што лично е видоено на терен, односно видено е колку предмети имаат, а и по извештаите колку заостаток имаат. Се насобирале во одредени обвинителства, се зголемувал тој заостаток и прашање е уште колку ќе треба до го исчистат прво заостатокот, па после совладување и на другиот дел од приливот на предмети.

Збор зема г-ѓа Јасна Жежова која кажа дека за подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип од каде и доаѓа, според бројот на предмети што ги има во работа треба да се прошири систематизацијата за уште двајца јавни обвинители во ОЈО Штип.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека ќе ги прочита тие што мислел да се прошират за да не се повторуваат. Продолжи дека има предлог за сите.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија г-дин Љубомир Јовески и Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку се согласија прво да се чита предлогот, па после да се коментира.

Збор зема Г-дин Иџет Мемети кажа дека со оглед на тоа ние договоривме и прошетавме низ неколку обвинителства подобро можеби би било Претседателот да ја каже систематизацијата, па после ние да коментираме.

Г-ѓа Јасна Жежова се согласи со предлогот.

Збор зема г-ѓа Фиданка Рајевска која смета дека кај Претседателот се бројките и да се читат на глас, а ние да коментираме дали се согласуваме или не.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку кажа дека ова е како заеднички предлог од неколку члена.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека ќе ги прочита по азбучен ред предложените зголемувања и тоа само во Основните јавни обвинителства, почнувајќи од Битола каде за двајца би зголемиле, Прилеп - еден, Охрид - еден, тоа е од Битолско подрачје, од Гостиварското подрачје би зголемиле Гостивар за два, Тетово - два, Кичево – два, во Кичево сега се пет јавни обвинители меѓутоа заостатокот и проширената надлежност со погранично покривање, затоа и тој дел го имавме во предвид, го имавме за Скопското-Гевгелија да прошириме за еден и Кавадарци - еден, Гевгелија сега сама работи една јавна обвинителка, а таму од моментални тројца би требало барем четворица да бидат, за Штипското подрачје имавме Штип за два и Струмица за еден јавен обвинител. Тоа се првичниот дел за 15 обвинители што би рекле би зголемиле ако сметате за некое обвинителство дека има зголемен обем на работа, да размислиме да видиме, затоа рековме разгледување на можноста за проширување, па после ќе ја донесеме таа одлука.

Г-ѓа Јасна Жежова праша за ОЈО Радовиш и дека со години не може да се пополни.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека разговарале и со Вишиот јавен обвинител-Штип и дека таму има 200 предмети годишно, така што таму имаме двајца по ситематизација да зголемиме систематизација на тројца затоа што нема обвинител, во ред е систематизацијата, таму пополнетоста е проблем. Решението таму е со упатување ако може Јавниот обвинител да упати некого, затоа и Струмица зголемувањето би одело еден за да може да упати до Радовиш.

Г-ѓа Јасна Жежова бараше да се додаде едно место во ОЈО Радовиш по што ова не може да се пополни затоа што местото јавен обвинител мирува на Лиле Стефанова и ќе мирува најмалку уште година.

Збор зема Г-дин Ицет Мемети кажа дека направил компарација и смета дека е во право предлогот на г-ѓата Јасна Жежова од следната причина: Гледајќи ја систематизацијата, гледаме Свети Николе има еден плус еден, значи двајца, понатака имаме Делчево двајца систематизирани, е сега имаме Берово тројца систематизирани, во Радовиш се систематизирани два, во Крива Паланка се систематизирани три. Зошто се согласува со г-ѓата Јасна Жежова, ако има двеста предмети годишно, колку предмети има Свети Николе кој има еден плус еден или Крива Паланка. Дали имаат по двеста, ако имаат двеста и Радовиш двеста тогаш логично и Радовиш и Крива Паланка треба да имаат тројца, ако Берово има прилив годишно двеста предмети тогаш зошто Радовиш да нема три јавни обвинители. Значи држи предлогот, за него е логично и прифатливо. Друг е проблемот со пополнетоста, тој е од поодамна, тој не може со акт на Советот или со распоредување или упатување да се реши од причина што не е тоа лесно да се направи, проблемот е подлабок почнува од приемот во Академија таму не се води сметка по однос на тоа од кое подрачје доаѓа. Кажа дека прифатлив е и предлогот на претседателот, затоа што и од посетите и од бројот на предмети, произлегува овој предлог.

г-ѓа Фиданка Рајевска кажа дека мисли во ред е предлогот на г-ѓа Јасна Жежова.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку кажа дека мисли добар е предлогот на претседателот и со предлогот на Јасна Жежова се согласува, кај што може да зголемиме добро е да зголемиме, ама да имаме предвид дека тие места треба и да ги пополниме наредниот пат кога ќе доаѓат. За Радовиш знаеме дека обвинителката Лиле Стефанова подолги години е надвор, јас разговарав со нејзе, обвинителот знае за ова работа и другите членови знаат, таа нема намера да се врати во тоа обвинителство и најверојатно ние до нова година ќе го решиме прашањето, едно место ќе треба да пополниме со сегашната систематизација. Ние мора да објавиме оглас на сите места кај се испразнети. Тоа е според закон.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа во врска со Академијата за судии и јавни обвинители. Академијата внимава на територијалната распределба само по виши подрачја, односно по апелациони подрачја, не по самите обвинителства во рамките на апелационото подрачје, затоа кај нас се јавува кандидат од Гевгелија за ОЈО Скопје, од Кавадарци за ОЈО Скопје, бидејќи Скопското Вишо подрачје ги држи пола Македонија. Имаше дури и кандидати кои менува место на живеење во текот на обуката во Академијата примено во едно подрачје оди во друго подрачје и понатаму вели сега јас живеам не повеќе во Охрид живеам во Скопје. Тие проблеми ние не можеме да ги

совладаме се додека законски не се смени тоа. Се работи за системско решение не е кај Советот начинот на запишување на Академија. Ако би било како што е во некои други земји, прво го бираат, па оди во Академија, тогаш ќе имаме пополнетост на обвинителствата. Тоа е многу подобриот начин да ние ги избериме, па да ја посетуваат Академијата од оние што го положиле приемниот испит. Доколку ние ги бираме и тие да си продолжат на Академија, како во Холандија, а и во други земји, тогаш ќе имаме целосн пополнетост на јавните обвинителства. Затоа, тие земји се чудат како кај нас има непополнети места. Тоа е затоа што прво треба да завршат Академија, па после ги бираме, а кај нив прво ги бираат и паралелно со работата посетуваат Академија. Многу се практични, добар начин на практицирање. Јавниот обвинител знам дека ги знае овие работи за нивните избори во другите земји и нам ни одговара тоа нешто. Размисував само за Струга да се додаде уште еден, ама Струга се и онака пет јавни обвинители.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку праша колку предмети има Струга и кажа дека до нова година обвинителот Благоја Даскалоски ќе се пензионира.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека во Струга имаат петсто предмети годишно, а веќе таму се пет обвинители.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија г-дин Љубомир Јовески кажа дека овие решенија што се предложени се прифатливи, прифатливо е и за Радовиш. Фактички ние денеска го зголемуваме бројот на обвинители во помалите обвинителства, таму и се предметите ама и не се многу битни предметите затоа што се додека постојат тие обвинителства посебно овдека се претежниот дел гранични обвинителства како на пример Гевгелија, Крива Паланка, Берово и така натаму и порано без разлика на бројот на предметите тие скоро секогаш имале најмалку двајца, па и тројца обвинители. Се наметнува проблемот со дежурствата, па така што се согласувам да се зголемат можеби треба и Струга да се размисли околу зголемување на бројот. Точно е дека Благоја до нова година ќе замине во пензија и ние пак ќе имаме проблеми. Мисли систематизацијата да се зголеми и во делот на пополнувањето со обвинители, горе - долу ќе остане истата состојба со исклучок на некои обвинителства. Прашањето на упатување може нешто да реши, ама она што беше во ОЈО Кичево, немаше посебен ефект од тоа упатување, дали тоа зависеше од тој обвинител или начинот на организација, не знам, но ќе мора вака или онака или да се упатуваат или со полномошно од соседните обвинителства, за да ги застапуваат предметите. Веројатно вака ќе оди додека не се воспостави новата мрежа на судови. Струга до пред повеќе години имаше повеќе кривични дела. Зборам пред повеќе години и тоа кога имаше да речам банални работи крадења и ден денес има повеќе фреквенција, повеќе дрога, оружје, па имаше и убиства и така натаму ,сега тоа се посмири освен по развиено е кривичните дела околу дрогата и криумчарење на други стоки.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски го стави на гласање предлогот со дополнувањата:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно чл. 9 т.8 од Законот за Советот, едногласно донесе одлука за проширување на систематизацијата на бројот на јавни обвинители во јавните обвинителства во Република Северна Македонија и тоа: двајца обвинители во ОЈО Штип, двајца обвинители во ОЈО**

**Битола, двајца обвинители во ОЈО Тетово, двајца обвинители во ОЈО Кичево, двајца обвинители во ОЈО Гостивар, еден обвинител во ОЈО Струга, еден обвинител во ОЈО Струмица, еден обвинител во ОЈО Охрид, еден обвинител во ОЈО Радовиш, еден обвинител во ОЈО Гевгелија, еден обвинител во ОЈО Кавадарци и еден обвинител во ОЈО Прилеп.**

Под точката разно од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека од Влада стигна како трета ургенција она што го разгледовме кога ни дадоа да се произнесеме по закон и тоа по Законот за јавното обвинителство, а ние законот го немавме добиено. Тоа беше предлог на закон за дополнување на закон за јавното обвинителство по скратена постапка. Минатиот пат кажав дека само писмото ни го имаа пратено, сега откако побаравме, ни го пратија и текстот. Ќе ви прочитам само еден член се додава, другото е потребата од изменување, па образложението. Во законот за јавното обвинителство по член 107 се додава нов член 107а, па го прочита предложениот текст. Ова е делот на измената, кажуваат дека целта е за да може да се врши надзор врз електронската распределба на предметите во јавните обвинителства. Во Судскиот совет Акмисот го проверува министерството за правда и веројатно понесени од тоа го напишале и овој предлог во законот за јавно обвинителство. Даде свој коментар на овој предлог така што смета дека ова е неприфатливо за јавните обвинителства. Не може министерот за правда и министерството да врши надзор над работењето во јавното обвинителство, посебно на електронската распределба на предметите,

Збор зема Г-дин Ицет Мемети кажа дека мисли дека е неприфатливо тоа за нас и добро е ние поголема реакција да правиме за ова, не само да пуштиме мислење туку треба во јавноста да се отвори ова прашање од причина што ние знаеме по устав и по закон каква е поставеноста на јавното обвинителство. Убеден е дека и контролата што ја врши министерството за правда по однос на електронскиот систем во судството и тоа е надвор од основните начела на поставеност на судската власт. Дали ние таму може да влијаме тоа е друго, има одредба таму таква, ние се враќаме во нашиот дел. Значи, со овој предлог сметам дека тотално и беспотребно се изместува поставеноста на јавното обвинителство во нашиот систем, едноставно се коси со основните начела на законот за јавно обвинителство и така натаму.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија г-дин Љубомир Јовески кажа дека ги поддржува и двете дискусии и мисли треба уште еден аспект да се отвара, дека не може да се прави еднаквост меѓу електронскиот систем за распределба на предметите во судовите и електронскиот систем за распределба на предметите во јавното обвинителство. Кај судовите странката има право како викат европјаните на природен судија, односно судија избран така да речам по некоја си лотарија од самиот избор што се врши, а јавното обвинителство не е тоа така и не треба тој систем до крај да има такви можности. Тоа е една работа, втора работа кај јавното обвинителство можеби 70% фазите на постапките се донекаде доверливи дури таму пола кај истрагите, определени податоци се соопштуваат на трети лица, на странки замислете ако некој сега врши надзор во тој систем во предмети во кои има навистина во старт некои податоци. Со тоа верувам дека и со вклучени луѓе од надвор во комисијата за надзор, верувам дека куп постапки може да се осуетат, а инаку може да биде

тоа претставници од Советот на јавни обвинители од некои обвинители, може од Вишите.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку кажа дека се согласува со сите и со Претседателот и со г-дин Ицет и со Јавниот обвинител. Ние според чл.9 од Законот за Советот даваме мислење во врска со предлозите што доаѓаат за измена и дополнување на законот. За мене лично поради две причини е неприфатливо ова, како прво мислам дека се коси со Уставот каде што Јавното обвинителство е самостоен орган и не може од надвор никој да се меша во работењето и тука мислам дека со овој предлог се прекршува правилото на самостојност и правото на самостојност и второ сите предмети што стигнуват може да се РО предмети најверојатно ќе бидат во фаза на предистрага кај што освен обвинител никој не може да има увид во таа постапка, со тоа ќе се наруши и тој принцип така што да го одбиеме како против уставен и против законски.

Г-ѓа Јасна Жежова кажа дека ние не сме против надзорот, но надзорот да биде во рамките на системот на јавното обвинителство.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за одбивње на предлогот од Владата на РСМ, за надзор на сиситемот за електронска распределба на предметите во јавните обвинителства.**

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку под точката разно предложи да се прошири систематизацијата на стцручната служба во Советот на јавните обвинители, да се прошири за одредени кадри, за одредени унапредувања.

Г-дин Ицет Мемети кажа дека од кога дојдов го отворив ова прашање затоа што сметам дека Советот навистина нема поддршка и покрај тоа што е системот електронски, имавме проблеми со услови и така натаму. Од друга страна, немаме и кадровски капацитети сите го знаеме тоа, имаме обврски како орган и тоа многу битен орган во општеството да испорачаме еден куп услуги, да ја извршуваме нашата функција, не може на ваков начин, не можеш да најдеш како нашиот Совет да нема служба која го опслужува, само со еден или со двајца. Ја поддржува идејата. Во најмала рака нас ќе ни треба, па добро е да формираме една група да подговат еден предлог-систематизација, почнав јас нешто да работам и верувам дека ќе дојде до заклучок дека треба барем уште двајца - тројца, прво хиерархиски да ги средиме одделите и така натаму, што треба да има Советот. После тоа, да дадеме можност да имаме минимум двајца правници кои ќе ги опслужуваат членовите на Советот, предметите сами ги правиме, има работи кои бараат, пример дактилограф, бараат лектор.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека кога ќе бидеме во цел состав може да зборуваме за работна група во која би вклучиле повеќе членови.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на писмото доставено од страна на Академија за судии и јавни обвинители, во кое се бара Советот на јавните обвинители на РСМ да номинира член и заменик член на програмскиот совет на АСЈО. За член на програмскиот совет едногласно беше избран Антонио Јолевски, а за заменик член Душица Димитриеска.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи осумдесетт и трета седница на Советот.

Записникот го водел:
Шабидин Бејтулахи
Советник за правни работи

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Антонио Јолевски**